HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

МАРТ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Фундаменталните човекови права на прво место: Активен придонес за владеење на правото

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01
вовед
02
говор на омраза
03
дела од омраза
04
родово базирано насилство и семејно насилство
05
затворени институции
06
бесплатна правна помош

# ВОВЕД

На 8 март, по повод Меѓународниот ден за економска, политичка и општествена борба за рамноправност на жените, во Скопје се одржа Маршот организиран од Платформата за родова еднаквост и независни активист(к)и за женски права. На Маршот беа истакнати неколку барања, од кои првото се
однесуваше на правда за сите жени што ги загубија животите поради системска негрижа и фемициди.
По трагедијата поради пожарот во Кочани, Северна Македонија повторно се соочи со двоен предизвик: борба за вистинска одговорност за изгубените животи и справување со загрижувачкиот пораст на говорот на омраза, особено на социјалните мрежи и во некои медиуми.
Наместо достоинствена дебата и обединување во барањето правда, сведоци бевме на навреди, политички обвинувања, говор на омраза и повици за насилство, кои прераснаа во опасна онлајн хајка. Хелсиншкиот комитет за човекови права предупреди дека ваквите напади можеа да имаат сериозни последици врз слободата на изразување и безбедноста на граѓаните, потсетувајќи дека говорот на омраза и повиците за насилство претставуваат кривично дело. Комитетот упати апел кон јавните личности, политичарите и сите корисници на социјалните мрежи да бидат одговорни во својот јавен говор.

# ВОВЕД

Особено истакна дека студентските мирни собири беа мета на навреди и шпекулации, а нагласи дека правото на мирен собир е уставно и меѓународно загарантирано човеково право. Хелсиншкиот комитет потсети дека не треба да зачудува фактот што младите бараа решителна борба против корупцијата и системските неправди, чии жртви беа трагично настраданите во Кочани, а властите беа повикани да не го узурпираат нивниот глас. Комитетот најави дека ќе врши надзор над протестите и ќе обезбеди бесплатна правна заштита при евентуални пречекорувања на полициските овластувања.

Паралелно, Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата изрази длабоко сочувство за трагично загинатите во пожарот во Кочани и упати искрени желби за побрзо закрепнување на повредените. Платформата оцени дека пожарот беше уште еден трагичен пример за тоа дека корупцијата убива, како што претходно беше забележано во трагедиите во Ласкарци, со „Беса Транс“ и во модуларната болница во Тетово. Потенцираше дека системската, повеќедецениска корупција сè уште го зема својот данок во човечки животи.

# ВОВЕД

Платформата побара да се спроведе сеопфатна, темелна, непристрасна и натпартиска истрага за пожарот, водена транспарентно и отчетно од надлежните органи. Нагласи дека одговорноста беше клучна и дека никој не смее да биде изземен, без оглед на партиската, верската или етничката припадност, или без оглед на тоа дали станува збор за поранешен или актуелен функционер. Потсети дека досега, повеќе од една деценија бараше системски промени, кои доколку беа прифатени, ќе спречеа вакви трагедии.

Платформата посочи дека во контекст на трагедијата во Кочани беа потребни итни чекори: целосна реформа на казнената политика за корупција; одговорност на институциите и компаниите поради тоа што не ги исполнувале обврските; теренски проверки и не само административни контроли; проверки на имотната состојба и интересите на службеници што одлучуваат за лиценци и дозволи; кадровско зајакнување и деполитизација на инспекциските тела; ревизија на процедурите за издавање дозволи; и итно постапување по наодите од антикорупциските и ревизорските тела.

# ВОВЕД

Истовремено, Платформата истакна дека измените на законите не смее да се користат како алиби за минатите пропусти и дека мора да се воспостави вертикална одговорност во институциите. Апелираше да престанат притисоците врз граѓанските организации, движењата и медиумите, кои честопати први алармираа за проблемите во системот.

Хелсиншкиот комитет и Платформата предупредија дека без темелна истрага, неселективна правда и вистински системски реформи, трагедиите ќе продолжат да се повторуваат, а довербата на граѓаните во институциите ќе остане длабоко нарушена.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025

**Во текот на март, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 33 случаи со елементи на говор на омраза, повикување и поттикнување на дискриминација и вознемирување врз различни основи. Овој месец беа забележани 16 случаи (37 %) на говор на омраза поради етничка припадност, 13 случаи (30 %) врз основа национална припадност, 7 случаи (16 %) врз основа на сексуална припадност, 4 случаи (8 %) се врз основа на пол и род и 3 случаи (6%) се врз основа на политичко уверување.**

**Во текот на март продолжи трендот на зголемен број пријави поврзани со националната и етничката припадност, и дискурс што од критика на моменталните случувања во државата преминува во говор на омраза. Освен меѓусебните навреди и омаловажувања, за зголемувањето на говорот на омраза дополнително придонесе и прекршувањето на едноминутниот молк за оддавање почит на жртвите од Кочани од страна на навивачката група „Балисти“ на почетокот на фудбалскиот натпреварот Шкендија против Брера во Тетово.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025

**За овој настан, Хелсиншкиот комитет поднесе кривична пријава до Министерството за внатрешни работи поради предизвикување омраза врз основа на етничка припадност. Овој месец е регистриран вознемирувачки говор на социјалните мрежи поради политичко уверување кон активистите од граѓанското движење „Кој е следен“ во објавите за најавување на јавните собири и протести по повод трагедијата во Кочани, во која животот го загубија 59 лица.**

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МАРТ 2025




*На платформата се регистрирани 33 оригинални случаи на говор на омраза, а кај дел од случаите се регистрирани повеќе од една заштитна карактеристика.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Заклучоци:**

**Најголем број случаи на говор на омраза се однесуваат на етничката и националната припадност, што укажува на длабоки етнички тензии во општеството, особено во контекст на чувствителни настани, како што е трагедијата во Кочани. Од политичка или општествена критика, говорот на омраза лесно преминува во дискриминаторски и вознемирувачки изрази, што укажува на недоволна јавна свест и недостиг на ефективни механизми за спречување на ваквите појави на социјалните мрежи и на јавните собири.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

## ПРЕПОРАКИ

**Препораки:**

**Потребни се зајакнување на механизмите за превенција и санкционирање на говорот на омраза, особено преку побрзо и поефикасно постапување на институциите (како што се полицијата и обвинителството) по пријавите за говор на омраза. Потребно е да се организираат кампањи за подигнување на јавната свест, со фокус на едукација за штетноста на говорот на омраза и промовирање култура на дијалог, особено во контекст на трагични настани што лесно може да бидат злоупотребени за ширење омраза.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

**Во текот на март 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 3 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно сторителот. Имено, станува збор за 2 потенцијални инциденти врз основа на етничка припадност и еден инцидент врз основа на верско уверување. Според видот на насилството, инцидентите содржат насилство и скврнавење симболи. Во два од случаите, малолетници се јавуваат како жртви или сторители. Потенцијалните инциденти се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што, според другите индикатори, постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се: перцепцијата на жртва/сведок; коментирањето на самото место; разликата помеѓу жртвата и сторителот на етничка основа; моделот/ зачестеноста на претходни инциденти; природата на насилството; отсуството на други мотиви; и местото и времето.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

**Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (на пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (на пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (на пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време на, или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (на пример: места на религиозни обреди).**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

**Во март 2025 година се регистрирани 3 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои 2 се етнички мотивирани, а 1 е религиски мотивиран. Малолетници во повеќе од половина од инцидентите, а насилството се случува на јавни места.**

**Препораки:**

**Подобрување на идентификувањето на пристрасниот мотив во инцидентите од омраза.**

**Превенција и едукација за намалување на насилството, особено меѓу младите.**

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

Во текот на март 2025 година, во Хелсиншкиот комитет за човекови права се обратија осум жени жртви на родово базирано и семејно насилство, а теренските соработнички обезбедија параправна помош во 23 случаи. Случаите беа евидентирани во различни општини, како што се Тетово, Струмица, Штип, Скопје, итн. Во најголем дел, жените се соочувале со физичко, психолошко и економско насилство, како и со проблеми при разводи, издршка на деца и делба на имот. Жртвите често се во ситуации каде што не им е достапна институционална поддршка или не се чувствуваат охрабрени да пријават насилство. Дел од нив се постари жени, кои со децении живееле под контрола и омаловажување, додека, пак, други се млади мајки што се обидувале да ги заштитат своите деца од насилен родител. Регистрирани беа и случаи каде што жртвите не биле во можност да го регулираат статусот на своите деца поради нерешени брачни односи, што дополнително ги маргинализира овие жени и нивните деца. Преку теренска работа беа обезбедени основни правни информации, поддршка во прибирање документација, подготовка за поднесување барања за заштита и упатување кон институции и организации за психолошка и социјална поддршка.

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

Општ преглед на активностите: Во текот на март 2025 година, Хелсиншкиот комитет обезбеди бесплатна правна помош за осудени лица во четири предмети. • Два предмета: Прекин на казна. • Еден предмет: Условен отпуст со заштитен надзор.

• Еден предмет: Преместување во друга казнено-поправна установа. • Еден предмет: Здравствена заштита поради неадекватно обезбедување медицинска грижа во казнено-поправна установа.

Краток преглед на обезбедени правни услуги:

• Преглед на законската регулатива и дадени правни совети за условен отпуст со заштитен надзор.

• Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции.

• Обезбедени правни информации и совети на клиентите.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - МАРТ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци и препораки:**

**Развивање индивидуални планови за рехабилитација, кои ќе ги земат предвид специфичните потреби на секој осуденик, особено за случаи на условен отпуст со заштитен надзор и преместување.**

**Подобрување на условите за медицинска грижа [illegible] здравствени прегледи и ефикасни механизми за пријава и за решавање здравствени проблеми.**

**Зајакнување на механизмите за надзор и отчетност [illegible] човековите права и пристапот до правдата за осудените лица.**

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – МАРТ 2025 ГОДИНА
# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 30 | |
| | Број | Проценти |
| Пол | | |
| Мажи | 23 | 76,5 |
| Жени | 7 | 23,5 |
| Етничка припадност | | |
| Македонци | 21 | 70 |
| Албанци | 3 | 10 |
| Роми | 5 | 16,5 |
| Бошњаци | 1 | 3,5 |
| Географскирегиони | | |
| Скопски | 20 | 67 |
| Вардарски | 2 | 6,5 |
| Полошки | 1 | 3,5 |
| Пелагониски | 2 | 6,5 |
| Југозападен | 2 | 6,5 |
| Североисточен | 2 | 6,5 |
| Источен | 1 | 3,5 |
| Југоисточен | 0 | 0 |
| Североисточен | 1 | 3,5 |
| Источен | 3 | 10 |
| Југоисточен | / | / |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – МАРТ 2025 ГОДИНА
# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Имотно право | 6 | 20 |
| Социјална заштита и осигурување | 2 | 6,5 |
| Заштита на деца | 1 | 3,5 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 0 | 0 |
| Здравствено осигурување и заштита | 0 | 0 |
| Работни односи | 5 | 16 |
| Родово базирано и семејно насилство | 1 | 3,5 |
| Статусни прашања | 1 | 3,5 |
| Заштита на човековите права | 7 | 23,5 |
| Други | 7 | 23,5 |

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ИЗВРШНА ПОСТАПКА СПРЕМА ДОЛЖНИЦИ СО ПРИХОДИ ПОД ИЗНОСОТ НА ПРОСЕЧНАТА ПЛАТА

Во март 2024 година, со барање за бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет се обратија двајца должници врз кои се извршува присилна наплата на долгот преку двајца различни извршители. Видно од издадените налози и изводи од банкарската сметка, иако приходите на должниците се многу поблиску до минималната плата, сепак ним им се вршеле задршки во висина од 1/3 од платата. Ваквото постапување на извршителите е спротивно на членот 117 од Законот за извршување (со поднаслов: ограничување на извршувањето), кој предвидува дека на должниците со плата или пензија помала од износот на просечната, извршување ќе се спроведува преку задршки од 1/5 од платата или пензијата. Притоа, до крајот на месецот, едниот извршител го извести Хелсиншкиот комитет дека била сторена грешка, односно дека е направена исправка на налогот, додека, пак, од другиот извршител сè уште не е примено известување.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ИЗВРШНА ПОСТАПКА СПРЕМА ДОЛЖНИЦИ СО ПРИХОДИ ПОД ИЗНОСОТ НА ПРОСЕЧНАТА ПЛАТА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ:

Граѓаните со приходи блиску до минималната плата спаѓаат во категоријата сиромашни граѓани, кои беа дополнително заштитени со измените на Законот што пропишаа ограничување на извршувањето врз основа на износот на приходите. Но, можеби поради притисокот на доверителите побргу да се наплати долгот или поради немарноста на извршителите, во практиката се издаваат и се спроведуваат налози за извршување спротивни на членот 117 од Законот за извршување. Ваквото постапување е недозволиво и претставува искористување на правната неинформираност на граѓаните, кои се несвесни за ограничувањата на извршувањето и не се ни обраќаат со барања за бесплатна правна помош. Имајќи го предвид опсегот на овој проблем, доколку се обратат и други граѓани со истиот проблем, Хелсиншкиот комитет со претставка ќе се обрати до Комората на извршители.